


# Справување со негирањето, искривувањето и тривијализацијата на Холокаустот

*Наставно средство*

6

WORDS INTO ACTION
TO ADDRESS ANTI-SEMITISM

OSCE
ODIHR

1. Унапредување на знаењето за Евреите и јудаизмот
2. Надминување на несвесната пристрасност
3. Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди
4. Оспорување на теориите на заговор
5. Поучување за антисемитизмот преку образование за Холокаустот

# 6. Справување со негирањето, искривувањето и тривијализацијата на Холокаустот

7. Антисемитизмот и дискурсот за национално сеќавање
8. Постапување со антисемитските инциденти
9. Постапување за антисемитизмот на интернет
10. Антисемитизмот и состојбата на Блискиот Исток

# Справување со негирањето, искривувањето и тривијализацијата на Холокаустот

Наставниците во регионот на ОБСЕ имаат пријавувано дека се соочиле со антисемитски идеи додека предавале за Холокаустот[1]. Денеска, антисемитизмот постои како предрасуда, и Евреите се соочуваат со непријателство и со нив се постапува како да не се луѓе или дека не припаѓаат на групата. Тоа може да се манифестира од поединци преку искажани ставови, во културата и преку разни форми на изразување[2]. Антисемитското расположение може да го разгори отпорот кон темата за Холокаустот и да се манифестира преку негирање, искривување или тривијализирање на историските факти.

На пример, понекогаш кога Холокаустот не се обработува целосно како дел од наставната програма во училиштата, можно е младите луѓе да го разобличуваат Холокаустот поради непознавање на историските факти или да го одрекуваат како еден вид на адолесцентна провокација или отфрлање на утврдениот наратив. Која и да е заднината на негирањето и искривувањето на Холокаустот, најчесто тоа оди рака под рака со или промовира класични антисемитски теми, како што е обвинување за алчност, власт, измама и криминал.

Целта на ова наставно средство е да овозможи подобро да се разбере таквото искажување на антисемитизам и да се поддржат наставниците како да се надмине следното:

- отпорот кон лекциите за и од Холокаустот;
- дезинформациите во врска со Холокаустот кај учениците и
- несоодветните или погрешните паралели помеѓу она што го доживеале Евреите за време на Холокаустот и како страдаат или страдале други групи.

1 M. Eckmann, S. Doyle and J. Ambrosewicz-Jacobs, J. (eds.), *Research in Teaching and Learning About the Holocaust: A Dialogue Beyond Borders* (Berlin: Metropole Verlag, 2017), p. 233, <https://holocaustremembrance.com/sites/default/files/research_in_teaching_and_learning_about_the_holocaust_web.pdf>.

2 *Справување со антисемитизмот преку образование: Насоки за креаторите на политики* (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2018), стр. 12, <https://www.osce.org/odihr/383089>.

Во 2013 година земјите членки на Меѓународната алијанса за сеќавање на Холокаустот (ИХРА) се договорија за работната дефиниција која се однесува на негирањето и искривувањето на Холокаустот:

„Негирањето на Холокаустот претставува дискурс и пропаганда коишто ги негираат историската вистина и обемот на истребувањето на Евреите од страна на нацистите и нивните соучесници за време на Втората светска војна, попознато како Холокауст или Шоа. Негирањето на Холокаустот се однесува конкретно на секој обид да се тврди дека Холокаустот/Шоа воопшто не се случил.

Негирањето на Холокаустот може да вклучува јавно негирање или изразување сомнежи за примената на главните механизми за уништување (како што се гасни комори, масовни стрелања, изгладнување и измачување), како и на постоењето умисла во вршењето геноцид врз еврејскиот народ.

Негирањето на Холокаустот во неговите разновидни облици претставува израз на антисемитизам. Обидот да се негира геноцидот врз Евреите претставува усилба да се ослободат националсоцијализмот и антисемитизмот од вината и одговорноста за геноцидот врз еврејскиот народ. Меѓу облиците на негирање на Холокаустот се вбројува и обвинувањето дека Евреите го преувеличуваат или измислуваат Холокаустот/Шоа за свои политички или финансиски цели проследено се верување дека Холокаустот/Шоа бил резултат на заговор скроен од Евреите. Целта на ваквите обиди е да се обвинат самите Евреи за Холокаустот/Шоа, а антисемитизмот повторно да стекне легитимитет.

Честа цел на негирањето на Холокаустот е и да се вообнови отворениот антисемитизам и да се промовираат политички идеологии и услови погодни за случување на истиот настан што се негира.

За целосната дефиниција, види „Работна дефиниција за негирање и искривување на Холокаустот” на ИХРА, усвоена на 10 октомври 2013 година: <https://www.holocaustremembrance.com/working-definition-holocaust-denial-and-distortion>.

# Заднина

За опис на начините на негирање или искривување на Холокаустот, најчесто се користат следниве поими:

- **Историски ревизионизам:** застапување за ревидирање на одредени толкувања на историски настани врз основа на нови докази или информации[3].
- **Историски „негационизам“ или одрекување:** негирање дека се случил некој настан или намалување на неговиот обем и влијание[4].

За време на Втората светска војна, нацистите и нивните сојузници започнале да ја промовираат идејата дека геноцидот врз Евреите не се случува, дека не постојат гасни комори и дека бројот на еврејските жртви е многу помал од шест милиони. Ваквиот тип одрекување или „негационизам“ на Холокаустот продолжува и денес, и има за цел да ги прикаже нацистичкиот режим и нивните соработници во добро светло, како и да го избрише секое сеќавање на ужасите што се случиле.

Процесот на помирување со Холокаустот во некои земји доведе до она што се дефинира како „секундарен антисемитизам“, односно сфаќањето дека самото присуство на Евреите ги потсетува другите на Холокаустот и така се предизвикува чувство на вина, и за тоа се обвинуваат Евреите[5]. Секундарниот антисемитизам овозможува индиректно да се изразуваат антисемитски чувства и обично се смета за реакција на чувството на вина, со што се оспорува личното чувство за позитивен национален идентитет.

[3] Ronald J. Berger, Fathoming the Holocaust: A Social Problems Approach (Aldine Transaction, 2002), p. 154.

[4] Некои историчари кои се занимаваат со Холокаустот имаат посочено дека негирањето на Холокаустот често претставува маска зад која се крие ревизионизам – легитимна форма на историска критика. Види: Omer Bartov, “Introduction” in Omer Bartov (ed.), *The Holocaust: Origins, Implementation, and Aftermath* (Routledge, 2000), pp. 10-12.

[5] Peter Schönbach, Reaktionen auf die antisemitische Welle im Winter 1959/60 (Frankfurt am Main: Europäische Verlagsanstalt, 1961), p. 80.

За временската хронологија за негирање на Холокаустот, види: „Негирање на Холокаустот: клучни дати”, Меморијален музеј за Холокаустот во САД <https://www.ushmm.org/wlc/en/article.php?ModuleId=10008003>.

Дополнително, процесите на историскиот ревизионизам понекогаш можат да ги изостават или да манипулираат со фактите со цел тие да бидат во служба на одредени наративи за националниот идентитет, коишто се психолошки поповолни или политички поцелисходни. Сепак, негирањето дека имало луѓе кои соработувале со нацистите претставува изобличување на фактите и го обесчестува сеќавањето на шесте милиони Евреи кои беа убиени за време на Холокаустот.

Во многу случаи, целта на негирањето на Холокаустот е да се оспори историјата на страдањето на Евреите за време на војната. Истата цел постои и во напорите да се тривијализира она што се случило. Тоа може да биде мотивирано од омраза кон Евреите или од натпреварувањето да се каже кој бил жртва, надоврзувајќи се на тврдењето дека Холокаустот бил измислен или „преувеличен“ од самите Евреи како заговор за унапредување на еврејските интереси. Во оптек се и теории на заговор кои тврдат дека „лагата“ за Холокаустот била создадена за да биде во полза и да ги унапредат интересите на Државата Израел, идеја којашто често се користи во рамки на антиционистичкиот дискурс. Негаторите на Холокаустот се поттпираат на антисемитските идеи и притоа ги засилуваат.

Негирањето на Холокаустот се јавува многу облици и во некои случаи може да се смета како дел од движењето на „антиестаблишментот“ коешто има за цел да ги мобилизира младите преку популарната култура. На пример, еден француски „комичар“ користел наратив во кој Евреите и Израел се прикажани како ѓавол кој манипулира со „системот“ и на кого треба да му се спротивставиме. Тоа е вообичаено и долгогодишно антисемитско изразување во фигуративна смисла[6]. Поддршката за овие идеи е симболизирана во гестот со рацете наречен „квенела“ и кружи на фотографии по социјалните мрежи, а често и пред спомениците на Холокаустот или еврејските верски места[7].

„Главен мотив на повеќето негатори е антисемитизмот и за нив Холокаустот претставува значително неповолен историски факт“.

Извор: Walter Reich, “Erasing the Holocaust”, The New York Times, 11 July 1993.

За главните извори на информации за Холокаустот што биле користени за време на судењето на нацистичките злосторници по завршувањето на војната, види: “Evidence from the Holocaust”, United States Holocaust Memorial Museum, <https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/combating-holocaust-denial-evidence-of-the-holocaust-presented-at-nuremberg?series=20792>.

[6] Ваквите активности доведоа и до осудителни пресуди во Белгија за антисемитски говор, и во Франција за поттикнување расна омраза согласно Законот од 1990 година (Gayssot Act).

[7] Овој гест понекогаш се нарекува и обратен хитлеровски поздрав и стана актуелна меѓународна вест во 2013 година (нагло се зголеми пребарувањето на Google) откако го користеа неколку високо професионални атлетичари (види: “Quenelle”, Google Trends, <https://trends.google.com/trends/explore?date=2014-01-01%202014-12-31&q=quenelle>). За тоа каква беше дискусијата во медиумите во Франција, види: “«Quenelle», comment un geste antisémite est devenu un emblème [‘Quenelle’: how an anti-Semitic gesture is becoming an emblem]”, *Le Monde*, 11 декември 2013 (in French), <https://www.lemonde.fr/politique/article/2013/12/11/quenelle-comment-un-geste-provocateur-est-devenu-un-embleme_3528089_823448.html>.

Убиството на шест милиони Евреи за време на Холокаустот е најопсежно документиран геноцид во историјата. За време на Холокаустот, нацистите и нивните сојузници воделе беспрекорна евиденција која вклучува стотици милиони страници во кои е содржано планирањето и извршувањето на ова злосторство. Исто така, постои и обемна филмска и фотографска документација за последиците од Холокаустот, вклучувајќи го и ослободувањето на концентрационите логори, откривањето на масовните гробници, безбројните кажувања на очевидци и сведоштва на преживеаните од Холокаустот.

И покрај оваа обемна документација, негирањето на Холокаустот опстојува и денес. Тоа често се користи за привлекување нови следбеници во неонацистички или други екстремистички движења. Важно е да се напомене дека иако во ОБСЕ нема консензус дали треба да се криминализира говорот, негирањето на Холокаустот претставува кривично дело во неколку земји членки на ОБСЕ[8].

Ефективното образование за Холокаустот треба да им овозможи на учениците да ги препознаваат и отфрлаат пораките за негирање и искривување на историските факти. Наставниците треба да дискутираат за мотивот кога негирањето на Холокаустот се користи како пропагандна алатка. Тоа е од клучна важност бидејќи негаторите на Холокаустот шират лаги и дезинформации коишто може да им изгледаат разумни на недоволно информираните читатели. И за наставниците и за учениците е важно да стекнат вештини што овозможуваат да се дадат концизни одговори и да се побијат тврдењата за негирање кога ќе се соочат со нив.

Во многу средини, нагласувањето на страдањето може да биде и контрапродуктивно при обидот да се предизвика реакција на сочувствување и да се намалат предрасудите[9]. Наставниците можат да помогнат да се сведе на минимум ризикот од секундарен антисемитизам преку настава за Холокаустот на начин кој нема да обвинува никого и ќе ги оснажи учениците активно да се справуваат со современиот антисемитизам.

Резолуција на Генералното собрание на Обединетите нации 61/255:

„1. Безрезервно се осудува секое негирање на Холокаустот.
2. Сите земји членки безрезервно се повикуваат да го отфрлат секое негирање на Холокаустот како историски настан, било делумно или во целост, и сите активности во таа смисла."

Извор: Генерално собрание на Обединетите нации, Резолуција донесена од Генералното собрание на Обединетите нации во врска со негирањето на Холокаустот на 26 јануари 2007 година, A/RES/61/255, <https://www.un.org/en/holocaustremembrance/docs/res61.shtml>.

[8] Professor Michael J. Bazyler, *Holocaust Denial Laws and Other Legislation Criminalizing Promotion of Nazism*, Yad Vashem website, <https://www.yadvashem.org/holocaust/holocaust-antisemitism/holocaust-denial-laws.html>.

[9] R. Imhoff and R. Banse, "Ongoing Victim Suffering Increases Prejudice: The Case of Secondary Anti-Semitism", Psychological Science, Vol. 20, No. 12, 2009, pp. 1443-1447.

# Стратегии за справување со негирањето на Холокаустот во училница

Без разлика на начинот на кој што може да се појави негирање, искривување или тривијализација на Холокаустот во училниците, наставниците имаат одговорност и можност да ја опфатат оваа сложена тема. Наставниците треба стратешки да го разгледаат својот педагошки пристап со потенцијал да се трансформира секој отпор на учениците кон оваа тема, ценејќи ги поуките што оваа колективна траума од современата историја може да му ги понуди на општеството денес.

Во понатамошниот дел од текстот се дадени неколку педагошки алатки како поддршка за наставниците во нивните напори за справување со ова сложено прашање.

**Како да постапиме ако...?**

**...некој каже: „Но, и (....) група била исто така жртва на нацистите како што биле Евреите”?**

Од суштинска важност е да се признаат сите жртви на нацистичките злосторства. Жртвите биле многубројни, со различни и застрашувачки искуства. Корисно е ако од почеток се разјасни кој и зошто бил прогонуван во рамки на националсоцијализмот, и во наставата за тој период да се вклучи и посочување на различните групи[10].

Нацистичката идеологија била насилна и токсична, во голема мера дефинирана со теоријата за расите според која „ариевската“ германска раса се сметала за супериорна во однос на сите други и морала да биде заштитена од т.н. „биолошки закани“.

Во согласност со нацистичката „теорија за расите“, Ромите и Синтите се сметале за расно инфериорни и за „асоцијални“ (т.е. не спаѓале во она што нацистите го сметале за „нормално“ општество“). Овие луѓе биле мета поради нивната расна припадност и биле изложени на интернирање, депортација, присилна работа, стрелање и биле испраќани во логорите на смртта, што прераснало во геноцид врз Ромите. Нивната судбина е паралелно поврзана со судбината на Евреите[11].

Полјаците, Словените и т.н. Азијати од Советскиот Сојуз исто така се сметале дека се „расно инфериорни“. Нивните интелектуалци, културни и политички елити биле мета на масовни убиства. За време на зимата 1941-1942 година, околу два милиона советски воени заробеници умреле поради лошите услови во кои биле намерно чувани[12]. Под нацистичка окупација, Полјаците биле принудувани на присилна работа, и биле депортирани и затворани во концентрациони логори[13].

Лицата со посебни потреби кои биле во институции, вклучително и децата, биле цел на масовни

[10] Работилницата наречена „Нацистичката идеологија и жртвите на Холокаустот и нацистичкиот прогон” која ја предводи проф. Вилијам Фредерик Мајнке Јуниор е достапна на интернет-страницата на Меморијалниот музеј на Холокаустот на Соединетите Американски Држави. Таа го потенцира приматот на Евреите како жртви на нацистичкиот терор, дискутира за намерите на нацистите и објаснува како и зошто предмет на напади биле и други групи: <https://www.ushmm.org/educators/online-workshop/guest-lecture-nazi-ideology-and-victims/overview>.

[11] Меморијален музеј за Холокаустот во САД, „Геноцид на европските Роми (Цигани), 1939-1945”, <https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/genocide-of-european-roma-gypsies-1939-1945>; и „Синти и Роми: жртви на нацистичката ера”, <https://www.ushmm.org/learn/students/learning-materials-and-resources/sinti-and-roma-victims-of-the-nazi-era>.

[12] Меморијален музеј за Холокаустот во САД, „Мозаик од жртви: во детали”, <https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/mosaic-of-victims-in-depth>.

[13] Меморијален музеј за Холокаустот во САД, „Полските жртви”, <https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/polish-victims>.

убиства во нацистичка Германија[14]. Хомосексуалците, Јеховините сведоци и т.н. „асоцијални“ лица, како и вистинските или перципирани сторители на кривични дела (како и рецидивистите) биле прогонувани и затворани во концентрациони логори, каде што многу често и умирале. Реалните или перципирани политички опоненти биле исто така прогонувани, интернирани во концентрациони логори или убивани[15].

Евреите биле поединечно мета на нацистите и нивните сојузници со цел нивно систематско и планирано физичко истребување. Нацистите го користеле шифрираниот термин „конечно решение“ за овие планови за истребување, со крајна цел да се уништат сите Евреи во Европа[16]. Евреите за нив биле приоритетен „непријател“. Нацистите и нивните сојузници успеале да убијат две третини од сите Евреи во Европа, вклучително и над еден милион еврејски деца[17]. Овие идеолошки аспекти го прават Холокаустот уникатен и досега невиден настан без споредба во современата историја.

Разбирањето за тоа што стои во позадина кога едно лице одбива или има отпор да ги признае ужасите со кои се соочиле Евреите во Холокаустот може да помогне за да се даде ефективен одговор на таквите ситуации. Во текстот подолу се наведени некои од можните причини за тоа, заедно со предложени начини како да се одговори:

*Потреба да се признае доживеаното страдање на своето семејство или народ*

Ваквата реакција може да се должи на лутина, фрустрација или огорченост поради тоа што се смета дека недоволно се препознаваат доживеаните страдања на друга група жртви. Препознавањето на многуте жртви на нацистичката идеологија може да помогне учениците да станат поотворени за емпатија кон еврејскиот народ поради сериозноста на она со кое тие се соочиле во тој период.

Од учениците може да се побара да направат истражување во врска со потеклото на нивното семејство во периодот на Втората светска војна. Побарајте да размислат каква била реалноста на нивните предци кои живееле во воено време, па дури и да започнат разговор со семејството за нивните искуства. Ако нивното семејство се доселило во Европа од друг дел на светот, прашајте како се постапувало со семејството во времето на нацистите. Дали тие ќе биле сметани за дел од „вишата раса“ и биле соодветно заштитени?

*Отпор да се гледа на Евреите како на жртви поради перцепцијата или приврзаноста кон идејата дека Евреите се прогонители*

Обидете се да ја разберете суштината на ваквиот отпор:

- Дали овој отпор е поврзан со информации кои веројатно се премногу поедноставени или пристрасни во врска со историските или современите околности?

[14] Меморијален музеј за Холокаустот во САД, „Убиства со еутаназија“: <https://www.ushmm.org/learn/students/learning-materials-and-resources/mentally-and-physically-handicapped-victims-of-the-nazi-era/euthanasia-killings>.

[15] Геноцод врз европските Роми, Меморијален музеј за Холокаустот во САД, *op. cit.*, note 12.

[16] „Конечното решение на еврејското прашање“ е збир од планови што ги презентирал СС-генералот Рајнхард Хајдрих, инаку шеф на главниот стожер за безбедност на Рајхот, пред нацистичките официјални лица на Конференцијата во Ванзе во јануари 1942 година. Станува збор за планот на нацистичка Германија да уништи 11 милиони Евреи во Европа, вклучително и во деловите на Европа што не се под контрола на нацистичка Германија и нејзините сојузници. Види: Меморијален музеј за Холокаустот во САД, „Конференција во Ванзе и ‘конечното решение’“, <https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/wannsee-conference-and-the-final-solution>.

[17] Меморијален музеј за Холокаустот во САД, „Децата за време на Холокаустот“, <https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/children-during-the-holocaust?series=19126>.

За повеќе информации, види ОДИХР наставно средство бр. 3 (Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди) и 4 (Справување со теориите на заговор)

- Дали тоа е под влијание на, или пак е вкоренето во антисемитските предрасуди, како што се теориите на заговор?

Тоа ќе помогне да се определи кој пристап е најдобар. Можеби ќе треба:

- Да се појасни како влијаел Холокаустот на Евреите и да се деконструираат евентуалните антисемитски предрасуди.

- Да се дадат посеопфатни и точни информации за конкретните околности во кои Евреите се сметаат за угнетувачи.

Фактичките сведочења за злосторствата не е лесно да се прифатат и затоа треба да им се пренесат на учениците со онолку детали колку што се соодветни за нивната возраст и зрелост.

**...некој каже дека страдањето на Евреите за време на Холокаустот е исто со страдањето на други луѓе или групи луѓе чиишто права се прекршуваат и во денешно време?**

Емпатијата на учениците за група луѓе кои страдаат од неправда и прекршување на човековите права понекогаш може да ги одведе кон споредба на современото прекршување на човековите права со неправдите од Холокаустот. Важно е да се препознае ваквата емпатија и да се препознаат злосторствата со кои се соочиле многу луѓе и групи низ целиот свет.

Без да се минимизира борбата на други луѓе или групи, подеднакво е важно да се каже дека Холокаустот е настан без преседан во историјата поради причините наведени погоре.

Дополнително, разбирањето на елементите на дефиницијата и потеклото на поимот „геноцид“ може да помогне да се објасни големината на Холокаустот во споредба со други прекршувања на човековите права. Овој поим потекнува од 1943 година од еден адвокат од Полска, Рафаел Лемкин, кој направил комбинација од грчкиот збор „генос“ (раса или племе) со латинскиот збор „cide“ (да се убие). Овие напори на Лемкин го трасирале усвојувањето на Конвенцијата за геноцид на Обединетите нации во декември 1948 година, којашто стапила во сила во јануари 1951 година. Во оваа Конвенција, геноцидот се дефинира како некој од следниве дела кои се прават со цел да се уништи, делумно или во целост, национална, етничка, расна или верска група:

- убивање на припадници на групата;

- предизвикување сериозни телесни или ментални повреди на припадници на групата;

- намерно влијаење на условите за живот на групата, пресметано со цел да доведе до нејзино физичко (делумно или целосно) уништување;

- наметнување мерки чија цел е да се спречи раѓање во рамките на групата и

- присилно префрлање на деца од групата на друга група[18].

**...некој каже: „Хитлер требаше да ја заврши работата“?**

Ваквата изјава можеби открива поекстремен антисемитизам, или е можеби кажана како провокација во класот за да се привлече внимание. Начинот на кој ќе се одговори треба да зависи од мотивот и влијанијата кои се причина за таквото тврдење. Можеби би било добро дополнително да се истражи таквата изјава, но, притоа да се внимава да не им се даде

[18] Конвенција на Обединетите нации за спречување и казнување на кривичното дело геноцид, член II (9 декември 1948), <https://treaties.un.org/doc/publication/unts/volume%2078/volume-78-i-1021-english.pdf>. Ова беше спроведено од Меѓународниот кривичен суд за Руанда (ICTR) (види: Statute of the International Criminal Tribunal for Rwanda, Article II (31 јануари 2010), <https://www.legal-tools.org/doc/8732d6/pdf/>) и Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (ICTY) (види: Updated Statute of the International Criminal Tribunal for the Former Yugoslavia, Article IV (септември 2009), <http://www.icty.org/x/file/Legal%20Library/Statute/statute_sept09_en.pdf>) кои пресудија дека масакрите во Руанда (1994) и Сребреница во БиХ (1995) се геноцид.

## Активност

Одвојте време и разгледајте со учениците како Евреите учествувале во животот во вашиот град, држава или во Европа низ вековите – пред да се случи Холокаустот и по него. Кога ќе разберат што значело присуството на Евреите за развојот на Европа во период од стотици години, тоа може ќе помогне учениците да ја увидат големата загуба на две третини од еврејското население во Европа во дваесеттиот век.

кредибилитет на екстремистичките изјави во класот, и да се праша што би се постигнало во еден таков свет? Веројатно е дека ако се разоткрие резонирањето на ученикот за таквата изјава, ќе се покаже дека е погрешна, но одговорите на ученикот ќе помогнат и да се утврди колку длабоко е вкоренето таквото лично верување во одредена идеологија, политичка агенда или предрасуда. Откако ќе стане појасно кои се главните причини за таквото тврдење, ќе биде полесно да се одреди како е најдобро понатаму да се постапува.

Исто така, може да одлучите дека најсоодветно е на ученикот да не му се даде можност понатаму да ги образложува своите ставови. Во таков случај, дадете им на знаење на учениците дека тврдења со кои не се покажува почит кон жртвите или со кои се повикува на насилство против одредена група луѓе нема да бидат толерирани. Таквите изјави, како и реакциите на другите ученици може да укажат на потреба од планиран и постепен пристап за справување со антисемитизмот во училницата. Обидете се да поразговарате со ученикот насамо, за да подобро разберете на што се заснова таквото верување. Во некои земји на ОБСЕ, може да биде неопходно на учениците да им се укаже дека одредени форми на говор на омраза или негирање на Холокаустот се забранети со закон.

**...ученикот инсистира дека стварноста во врска со Холокаустот е малку поинаква, на пример, дека биле убиени помалку луѓе?**

Ако некој од учениците во класот изрази мислења со коишто се искривува или тривијализира реалноста за Холокаустот, искористете го тоа мислење како „момент за учење“. Без да се бара од ученикот да се одбрани, обидете се да увидите кои се неговите извори на информации. Можеби ученикот тоа го прави поради неговата семејна историја на страдање или прогони.

Едукативен пристап, можеби во координација со семејството, социјалните работници или со друг кадар од училиштето би бил доволен ако ученикот:

- е отворен за други гледишта;
- се чини дека има површно знаење и
- има повеќе пријатели кои имаат различни ставови.

Обидете се да откриете во каков ризик е ученикот кога инсистира на минимизирање или негирање на фактите за Холокаустот. Како препознавањето на она низ што поминале Евреите би можело да ги предизвика животот или гледиштата за светот на ученикот?

Важно е да се разбере изворот на информациите или причината за искривувањето, тривијализирањето или одрекувањето на Холокаустот од страна на ученикот, затоа што тоа би можело да укаже на негова претходна изложеност или вклученост во екстремистички активности. Во таков случај, подобро е навреме да се решава проблемот за да се спречи евентуална понатамошна ескалација, како на пример насилно однесување. Можеби е добро да се консултираат релевантни лица за контакт или стручно лице за екстремизам во училиштето или регионот за да се побара совет за тоа кои индикатори се сериозни, а кои претставуваат помала причина за загриженост.

# Ресурси и дополнителни материјали

Меѓународната алијанса за сеќавање на Холокаустот (ИХРА) има обезбедено неколку комплети на образовни ресурси. Види: „Образовни материјали”, ИХРА, <https://www.holocaustremembrance.com/index.php/educational-materials>.

За да го најдете најблискиот ресурс до вас што се однесува на Холокаустот, било да е тоа организација, меморијален центар или музеј, види меѓународна листа на ИХРА: <www.holocaustremembrance.com/itfdirectory/organization>.

ОДИХР нуди неколку наставни упатства и материјали за справување со антисемитизмот преку образованието за Холокаустот, вклучувајќи и Образование за Холокаустот и антисемитизмот*:* преглед и анализа на образовните пристапи (Warsaw: OACE/ODIHR, 2005), <https://www.osce.org/odihr/18818>.

За книги во кои е дадена основата за негирање на Холокаустот, види:

Deborah E. Lipstadt, *Denying The Holocaust: The Growing Assault on Truth and Memory* (New York: The Free Press, 1994); и

Pierre Vidal-Naquet, *Assassins Of Memory: Essays on the Denial of the Holocaust,* преведено од Jeffrey Mehlman (New York: Columbia University Press, 1992).

Јад Вашем располага со богата збирка на информации за Холокаустот, како и едноставен пристап до дигитални збирки, е-учење за професионалци, база на податоци за жртвите на Холокаустот со имиња и богатство од историски информации на неколку јазици: <https://www.yadvashem.org/>.

Genocide Watch е одличен интернет-ресурс за разбирање на минатото и сегашноста на геноцидите: <www.genocidewatch.org>.

Echoes and Reflections има обемни наставни ресурси кои можат да се преземат од интернет, како и можности за учење преку интернет: <www.echoesandreflections.org>.

Меморијалниот музеј на Холокаустот на Соединетите Американски Држави нуди работилници преку интернет на тема „Поучување за Холокаустот“, „Нацистичката идеологија, жртвите на Холокаустот и на нацистичкиот прогон“ и „Лично сведочење“, бројни наставни планови за наставниците и посебен поимник за терминологија и симболи што се однесуваат на неонацизмот и надмоќта на белата раса. Види: <https://www.ushmm.org/educators/online-workshop>; <https://www.ushmm.org/educators/lesson-plans>; и <https://www.ushmm.org/confront-antisemitism/origins-of-neo-nazi-and-white-supremacist-terms-and-symbols>.

Меморијал де ла Шоа содржи бројни ресурси за наставници, мултимедијална енциклопедија и најчесто поставувани прашања за наставниците од основните и од средните училишта. Види: <http://www.memorialdelashoah.org/en/education-training/references-for-teachers.html>.

Интернет-страницата на Меморијалниот музеј на Аушвиц-Биркенау нуди многу ресурси, вклучително и публикации и обемна серија курсеви за електронско учење: <www.auschwitz.org>; и <http://auschwitz.org/en/education/>.

Office for Democratic Institutions and Human Rights

OSCE ODIHR